Овластено лице за пријавување на информации од јавен карактер

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 19__ год.
Потпис: _____

До: Општина Ранковце
(имател на информацијата)

Арх.бр.10-103/58 од 28.12.2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Примено: 26.02.2024

Орг. Един.	Број	Прилог:	Вредност
25	311/1	-	-

БАРАЊЕ

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Дали општината организирала консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?**

☐ да
☐ не

2. **Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете го типот на сите консултации со граѓани кои се спроведени од вашата општина заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?**

Ве молиме бараните информации да бидат организирани на следниов начин:

Консултации со граѓани организирани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година					
Наведете го типот на организирани консултации со граѓани	**Датуми на организирање на консултациите со граѓани:** (Наведете ги сите за секој поединечен тип)	**Локации на одржување на консултациите со граѓани** (Наведете ги сите за секој поединечен тип. Доколку се онлајн наведете го линкот до локацијата):	**Бројот на лица кои учествувале на консултациите разделени по пол:** Наведете податоци за секој поединечен тип		
			ВКУПНО	**Жени**	**Мажи**
Референдум					
Собир на граѓани					
Предлози на граѓани					
Јавни трибини/дебати/расправи					
Анкети					
Собир на месна/урбана заедница					
Форуми во заедниците					
Буџетски форуми					
Други форми на консултации:					

(опис на информацијата која се бара)

3. **Дали општината изготвува записници/извештаи од организирани консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?**

☐ да
☐ не

4. **Доколку одговорот е ДА, ве молиме да ги доставите записниците/извештаите од организираните консултации со граѓани заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 27.12.2023 година

Потпи [redacted]

_____

(доколку барањето се поднесува [redacted])

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 25-311/4

29.02 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-231/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 29.02.2024 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] поднесено до Општина Ранковце, заведено под бр. 25-311/1 од 26.02.2024 година **СЕ УВАЖУВА**.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 26.02.2024 година и заведено под бр.25-311/1, со кое Барателот бара преку е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1.Дали општината организирала консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?
2.Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете го типот на сите консултации со граѓани кои се спроведени од вашата општина заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?
3.Дали општината изготвува записници/извештаи од организирани консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?
4.Доколку одговорот е ДА, ве молиме да ги доставите записниците/извештаите од организираните консултации со граѓани заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог на ова Решение, на Барателот [redacted] му се доставува следната информација:

- Одговор на барање бр. 25-311/3 од 28.02.2024 година;

Бараната информација од јавен карактер е содржана во Одговор на барање бр. 25-311/3 од 28.02.2024 година, кои му се доставуваат на Барателот.

Со оглед на инзесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Општина Ранковце
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Александар Стојановски

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

Прилог:
- Одговор на барање бр. 25-311/3 од 28.02.2024 година;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25- 311/5
29.02. 2024 год.
РАНКОВЦЕ

ДО
[redacted]

Предмет: Достава на информација

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено под број 25-311/1, од 26.02.2024 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-311/4 од 29.02.2024 година;
- Одговор на барање бр. 25-311/3 од 28.02.2024 година;

Со почит,

Општина Ранковце
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Александар Стојановски

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-311/3
28.02.2024 год.
РАНКОВЦЕ

До
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Александар Стојановски

Предмет: Одговор на барање
Врска: Ваш број 25-311/2 од 26.02.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање Ве информирам дека:
Општината нема организирано консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година и поради тоа не изготвува записници/извештаи.

Изготвил
Сања Стојановска

Одделение за финансиски прашања
Раководител
Биљана Николовска